Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел од дневни настани 08.03.2022

На 07.03.2022 во 19.30 часот од страна на Одделението за криминалистички работи Гази Баба и Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје биле лишени од слобода С.П.(34) и И.Б.(21), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение дека истиот ден во гаражен простор на тговски центар на подрачјето на Гази Баба извршине тешка кражба во патничко моторно возило "шкода" со неготински регистарски ознаки, сопственост на В.В. од Неготино при што одземе повеќе предмети. Тие биле приведени во Полициската станица Бит Пазар и кај них биле пронајдени украдените предмети, како и алат со кој било извршено кривичното дело. Со нив бил извршен службен разговор, во кој го појасниле начинот на извршување на кривичното дело. По целосното документирање на случајот против них ќе биде поднесена кривична пријава.

На 07.03.2022 во 20.00 часот на ул.Александар Македонски кај железничката пруга во Градско од страна на полициски службеници од ПК Градско бил лишен од слобода Д.И (22) од Штип. Тој се сомничи дека извршил „тешка кражба" од паркираните товарни вагони, сопственост на АД „Македонски железници". Д.И. е приведен во полициска станица и по целосно документирање на настанот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.03.2022 година во 11.30 часот на ул.Северен Булевар во Кавадарци од страна на полициски службеници од Полициската станица во Кавадарци биле лишени од слобода А.М (21) и А.О (25) од Кавадарци. Тие се сомничат дека на 23.02.2022 извршиле тешка кражба во хала за производство на контејнери во фирма во Кавадарци. А.М и А.О се приведени во полициската станица и по целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Полициски службеници од Одделение за криминалистички работи Кисела Вода при СВР Скопје ја лишија од слобода В.М.(35) од Охрид затоа што на 02.03.2022 во 18.54 часот Е.О.(24) од Скопје пријавила дека во 17.32 часот пријавената поднела електронска апликација за кредит во финансиско друштво од Скопје на подрачје на Кисела Вода, а подоцна направила обид за подигање на пари со туѓа лична карта на почнато лице, со што сторила кривично дело „Измама при добивање кредит или друга погодност" казниво по член 249 од Кривичниот законик. Лицето е задржано во Полициска станица Кисела Вода и по извршениот разговор, В.М. го признала делото. За настанот е известен јавен обвинител и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.03.2022 од страна на полициски службеници од СВР Штип бил приведен К.З.(25) од Штип, бидејќи во 20.10 часот на ул.„Рибник" во Штип при извршениот преглед кај него бил пронајден хероин. Против К.З. ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 07.03.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 28 прекршоци, од кои 12 надвор од населено место и 16 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции.
Санкционирани биле и 23 други видови на прекршоци, од кои 10 за управување возило без возачка дозвола, 2 за технички неисправно возило, 1 за нерегистрирано возило, 4 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон...

Полициски службеници на СВР Тетово ноќеска (8 март), дваесетина минути по полноќ, во казино на улица „Илинденска" во Тетово, во кое била спроведена акциска контрола, го лишиле од слобода А.С.(19) од тетовска Брвеница, кој употребил лажен вакцинален сертификат.Тој е задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

Вчера (7 март) во 19 часот и 10 минути во СВР Тетово пријавено е дека на магистралниот пат Кичево - Гостивар, во близина на Сретковски мост, се случила сообраќајна несреќа во која учествувале две патнички моторни возила: „ауди" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од 38-годишниот гостиварец В.Ќ. и „сузуки свифт" со струшки ознаки, што го управувал 53-годишниот стружанец Р.Х. Во несреќата, М.К.(63), сопатничка во „ауди", задобила тешки, а двајцата возачи и малолетен сопатник, исто така од „ауди", телесни повреди, констатирани во гостиварската Општа болница „Ферид Мурад", каде биле пренесени за укажување на лекарска помош.На местото на несреќата увид извршила екипа од Одделението за внатрешни работи Гостивар.

На 07.03.2022 во 18,55 часот на Граничен премин „Табановце" од полициски службеници приведен е М.Д.(28) од Р.Албанија кој при пасошка контрола дал на увид албанска патна исправа на име Д.Ф. (28) од Р.Албанија. Лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Куманово за понатамошна постапка.

На 08.03.2022 во 00.40 часот на подрачје на Гази Баба од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишен од слобода е И.К.(43) од Скопје затоа што кај него е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.03.2022 во 16.05 часот во близина на угостителски објект на подрачје на Центар од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишен од слобода е Ј.А.(38) од с.Лозово, велешко затоа што кај него е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.03.2022 во 09.30 часот во Полициската станица Карпош Р.Г.(78) од Скопје пријавил дека на ул."Иван Цанкар" бил каснат од куче скитник.

На 07.03.2022 во 17.45 часот во Полициската станица Аеродром Ѓ.Д.(75) од Скопје, пријавил дека на бул."Јане Сандански" бил каснат од куче скитник.

На 07.03.2022 во 20.50 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле Ј.Ф.(25) од Скопје затоа што кај него дала пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.03.2022 на територијата на СВР Битола, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, санкционирани биле 29 возачи, од кои 14 санкции се изречени на територија на Ресен, 4 санкции на територија на Битола и 11 санкции на територијата на Прилеп.

На 08.03.2022 во 12.35 часот во Полициска станица Центар било пријавено дека од експозитура на банка на подрачје на Центар три лица со закана со оружје од вработените одземале пари, по што во близина на местото на настанот едно од лицата испукало еден куршум. Повредени лица нема. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против Н.А.(54) од с.Здуње поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "вршење на јавен превоз без поседување лиценца". На 04.02.2022 на локација Стакларска раскрсница во Гостивар во сопство на такси превозник со патничко возило „форд" при контрола на полициски службеници од Полициското одделение за безбедност на сообраќајот на патиштата констатирано било дека тој вршел јавен превоз на патници како такси возач без притоа да поседува соодветна документација лиценца издадена од соодветна институција.

ОКП-ОЕК-Охрид поднесе кривична пријава против Р.Д.(47) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "бесправно градење". При извршен инспекциски надзор од страна на овластен градежен инспектор при општина Охрид, утврдено било дека пријавениот како инвеститор, без одобрение за градба издадено од надлежен орган, изградил куќа, што е утврдено при извршен инспекциски надзор од страна на овластен градежен инспектор при општина Охрид, за што е донесено Решение за отстранување на градбата во рок од 14 дена.

На 07.03.2022 во 15.30 часот во Полициска станица Центар, Ј.Г.(37) од Скопје пријавила дека додека била во нејзиниот дом на подрачје на Центар со нејзините две деца, околу 12,45 часот дошле С.Ц. и Д.Ц. по што Д.Ц. физички ги нападнал неа и едно од нејзините деца поради претходна расправија помеѓу нејзиниот син и негова соученичка, сестра на напаѓачот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.03.2022 во Куманово од полициски службеници од СВР Куманово е приведен И.А. (31) од Куманово затоа што во 10,15 часот во СВР Куманово Б.Д. од Куманово, вработен како шофер на автобус пријавил дека на автобуска постојка во близина на џамија во Куманово пријавениот со остар предмет се обидел да го повреди и оштетил неколку стакла на автобусот. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.03.2022 во 21.00 часот било пријавено дека на подрачјето на Драчево Н.Ќ.(52) од с.Страхојадица-скопско по краткa вербална расправија физички го нападнал Н.Д.(25) од с.Тисовица-скопско. Сочинет бил записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 07.03.2022 во 14.50 часот К.А.(46) од Скопје, пријавил дека во кругот на магацин на шпедиција во н.Илинден по претходни недоразбирања бил физички нападнат од П.Ѓ. и О.Б. Се работи на расчистување на случајот.

На 07.03.2022 во 17.45 часот во Полициската станица Карпош М.К.(48) од Тетово пријавил дека во Трнодол неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против К.В.(23) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 11.07.2021 од полициски службеници бил извршен претрес во домот на пријавениот при што била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Н.Б.(23) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје". На 09.08.2021 во с.Лојане, од полициски службеници извршен бил преглед врз пријавениот при што бил пронајден пиштол црвена застава М57 со калибар 7.62 мм и 10 куршуми.

На 07.03.2022 во 19,45 часот во Полициска станица Бит Пазар Р.П.(51) од Скопје пријавил дека додека бил на своето работно место во спортска облекувалница на подрачје на Бит Пазар две лица со закана се обиделе да му одземат пари но не успеале, при што оштетиле инвентар. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

РЦ Север поднесе 10 кривични пријави поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "фалсификување исправа" против: И.М.(37), М.М.(19), А.Б.(35), А.И.(19) од Тетово, А.И.(50) од Куманово, М.Д.(39), М.М.(38), А.Д.(43) од Гостивар, А.Ј.(40) од Велес и Д.С.(23) од Липково. Пријавените во периодот од 14.12.2021 до 15.01.2022 на Граничниот премин Табановце приложиле фалсификувани ПЦР тестови.